КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ

НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2017 ГОДИНА

СКОПЈЕ, јануари, 2017 ГОДИНА

Врз основа на член 28, став 1 од Статутот на Карате федерацијата на Македонија, свикувам Изборно Собрание на КФМ со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
• Верификациона комисија;
• Записничар и
• Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на Македонија, одржана на 09.01.2016 година;
3. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2016 до 31.12.2016година;
4. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2016 до 31.12.2016 година;
5. Финансов извештај на Карате федерацијата на Македонија за 2016 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2016до 31.12.2016 година;
6. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на Македонија, и Финансиски план за периодот 01.01.2017 до 31.12.2017 година;.
7. Прием на нови членови-клубови во КФМ;
8. Разно, предлози, прашања.

Собранието ќе се одржи во просториите на Даре Џамбаз, на 21 јануари 2017 година (сабота), со почеток во 11,00 часот.

Право на учество и право на глас имаат клубовите кои ги исполнуваат условите од член 16 и 19 од Статутот на КФМ, односно само клубовите кои имаат платено членарина за 2016 година, имаат решение за вршење дејност спорт и имаат активности/настап на натпревари кои ги организира КФМ во изминатите две години (2015 и 2016 година). Клубовите кои имаат уплатено годишна членарина и ги исполнуваат претходните услови добиваат гласачко картонче.

Согласно со член 26, став 2 од Статутот на КФМ Собранието го сочинуваат претседателите на клубовите-членки на Федерацијата. Претседателот на клубот може да ополномошти и друго лица од клубот кое ќе го претставува клубот на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

Претседател,
Драган Стојановски с.р.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА :

1.Вовед.....4-22стр.

2.Собрание 2016год. .....23стр.

3.Годишен Извештај за најзначајни меѓународни активности-резултати.....24-35стр.

4.Годишен Извештај за работата на Натпреварувачката Комисија на КФМ за 2016 година.....36-136стр.

5.Годишен Извештај на Дисциплинската Комисија на КФМ .....137стр.

6.Годишен Извештај на Судиската Комисија на КФМ.....138-141стр.

7.Годишен Извештај од Лекарската Комисија на КФМ.....142стр.

8.Годишен Извештај од Комисијата на Комесари на КФМ .....143-144стр.

9. Годишен Извештај од Одборот за Контрола на КФМ.....145-146стр.

10.Национална Програма на КФМ за 2017година.....147стр.

11.Финансиски План за Национална програма на КФМ за 2017 година .....148-149стр.

12.Меѓународна Програна на КФМ за 2017 година.....150стр.

13.Финансиски План за Меѓународна програна на КФМ за 2017 година .....151-159стр.

14.Финансиски Извештај од Сервисното сметководство на КФМ за 2016 година.....160-162стр.

15. Седници на Извршниот Одбор на КФМ.....163стр.

16.Седници на Стручниот Совет на КФМ.....164-165стр.



КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

1. **Вовед**

Годишен извештај за најзначајни меѓународни активности

Во 2016 година продолжи трендот на историски остварувања во карате, како на организациски, така и на резултатски план. Амбициите продолжија да растат, особено по успешната 2015 година во која македонското карате имаше успешен настап на првите Европски игри во Баку, каде што двајцата македонските каратисти Емил Павлов и Мартин Несторовски освоија медали и потврдија дека карате е далеку пред сите други спортови во Македонија според квалитетот и постигнатите резултати. Претходно, имавме одлична презентација и на јубилејното 50-то Европско првенство во Истанбул, каде што продолжи трендот на освојување медал, благодарение на Мартин Несторовски кој се закити со бронза, а Македонија заврши со уште три пласмани на 5-то и две на 7-то место. Кон крајот на годината женскиот ката тим Маријана Димоска, Мишела Димоска и Кириана Камческа освои сребрен медал на Светското првенство во Џакарта за кадети, јуниори и помлади сениори, а имавме и пласман на 5-то и две 7-ми места.

Поттикнати од тие успеси, како и од претходните неколку години Карате федерацијата на Македонија според востановената пракса на активности беше присутна на сите најголеми меѓународни натпреварувања со своја делегација. Исто така, на сите настапи имавме достојна презентација на македонското карате, но истовремено и на Република Македонија како држава. Македонските каратисти и во 2016 година продолжија со освојување медали на европските првенства и во сениорска, и во конкуренција на помладите категории, а нашите репрезенти со својот коректен и одговорен однос само го потврдија високиот рејтинг со кој се стекнавме во претходните неколку години.

Карате – олимписки спорт

Историскиот момент кој му дава нова димензија на нашиот спорт се случи на 3 август 2016 година во Рио Де Жанеиро, непосредно пред почетокот на Летните Олимписки игри во бразилската метропола. Со едногласна одлука на членовите на Извршниот комитет на Интернационалниот олимписки комитет (IOC) карате беше изгласано за олимписки спорт за наредните Олимписки игри во Токио 2020 година. Тоа значеше исполнување на долгогодишниот сон на сите генерации каратисти, тренери и спортски работници кои отсекогаш мечтаеле да ги презентираат своите квалитети на најголемиот можен собир на спортистите – Олимписките игри. Симболично, точно по 50 години од одржување на првото Светско првенство во Токио, одново јапонската престолнина која е колевката на овој спорт ќе биде домаќин на еден антологиски настан, кога во 2020 година во елитното семејство на олимписки спортови ќе биде и карате.





Тоа е воедно и круна на залагањето на сите земји членки во WKF на чело со претседателот Антонио Еспинос, да се изборат за олимписки статус и да му го овозможат неопходниот легитимитет на карате, како и да покажат единство и унитарност на глобално ниво како никогаш порано во историјата. Всушност, се оствари тоа беше и претходно неколкупати најавено по одличната соработка на релација WKF – IOC, за која ние како КФМ веќе информиравме во извештаите од претходните конгреси на Европските и Светските првенства. Посебно значајно е што не само што нема да биде маргинално, туку ќе биде маркантно олимписко деби на карате, со оглед што на програмата ќе бидат вкупно 8 дисциплини во кои ќе се делат олимписки медали. Како ретко кој спорт, карате во своето

прво олимписко учество доби по 3 тежински категории во машка и во женска конкуренција во борби, како и по една во кати за мажи и за жени.





За се да биде на највисоко ниво и за зачувување на традицијата во карате, локалниот олимписки комитет веќе одреди местото на одржување на карате натпреварите на олимпијадата во 2020 година да биде културната сала „Нипон Будокан“ во Токио. Салата има капацитет од 15.000 места и симболично по половина столетие од одржувањето на првото Светско првенство во 1970 година, одново ќе биде место на еден историски настан. Конечно, како резултат на сериозноста на IOC за поддршка на WKF, во декември 2016 година од стигна потврда дека карате ќе биде застапено и на младинските Олимписки игри во Буенос Аирес 2018 година и тоа со 6 категории, кои ќе бидат дополнително одредени.





Со изборот на карате за олимписки спорт како и за младинските Олимписки игри се заокружи листата на големи настани кои се под покровителство на Интернационалниот

Олимписки комитет, која сега ги опфаќа сите можни натпреварувања. Тоа значи дека покрај редовните континентални и светски првенства, карате ќе биде присутно и на Медитеранските игри во Тарагона 2018 година, на младинската олимпијада во Буенос Аирес 2018 година, на Европските игри во Минск 2019 година, и конечно на Олимписките игри во Токио 2020 година. Со цел за што поквалитетна глобална презентација на карате, во наредниот период не очекуваат значителни промени во системот на натпреварување, во судиските правила како и финализирање на критериумските натпревари за обезбедување на олимписки норми по категории. Согласно тие промени, ќе треба сите земји членки да бидат подготвени за соодветно адаптирање за што поуспешна презентација на назначајните натпреварувања, со фокусирање на олимписките стандарди.

Светско првенство во Линц, Австрија

На планот на партиципација на најголемите меѓународни натпреварувања, 2016 беше уште една динамична година. Според значењето на големите натпреварувања, секако дека најважно беше 23 -то Светско првенство во Линц, прво по прогласување на карате за олимписки спорт. Првпат шампионатот официјално траеше шест дена, затоа што свеченото отворање се одржа ден пред почетокот на борбите и беше во знакот на дефиле и концерт со музички и карате теми, на кој учествуваше и виенската филхармонија.





Втор важен аспект беше Изборнитот конгрес за претседател на WKF на кој со апсолутно мнозинство е реизбран досегашниот претседател Антонио Еспинос, кој беше и единствен кандидат. Човекот кој е на чело на Светската карате федерација од 1998 година, по три неуспешни обиди конечно успеа да го внесе карате во олимписката програма. Ја доби довербата и нов мандат за следните 6 години да биде прв човек на WKF, а основниот приоритет ќе му биде да ја зацврсти организацијата и да придонесе карате да остане постојан спорт на олимпијадите и по 2024 година.

По реизборот, претседателот Еспинос уште еднаш упати благодарност до сите национални федерации кои ја поддржаа оваа програма, која што беше презентирана како финална стратегија на светското првенство во Бремен 2014 година. Најзаслужниот во овој процес, Такаши Сасакава кој најдиректно беше вклучен во разговорите со авторитетите во Јапонија беше избран за почесен претседател на WKF.




Сепак, и покрај сите достигнувања во изминатите години Еспинос ги повика сите кои се претставници на WKF во своите земји да ги информираат Националните олимписки комитети и Министерствата или Агенции за спорт за се што се случува во карате во светот. Да се борат најотворено против сите, кои сакаат да го урнат она што заеднички го градиме со години. Да работиме против таквите кои им даваат поддршка на оние кои не се во системот на WKF, затоа што предизвикуваат големи штети и прават забуна. Имаме обврска да ги казниме најстрого нашите судии и официјални лица кои посетуваат стилски турнири или паралелни организации кои го споменуваат, а всушност го злоупотребуваат терминот „Светско, Европско првенство“ затоа што тие работат против нас и се она што ние го правиме. Сега им е потешко, затоа што таквите работат и против олимпизмот, а со тоа што промовираат некакви си „шампиони“ ни прават огромна штета и замоли да направиме притисок и жестоко да се спротивставиме против таквите, секој во својата земја. Ние сега сме со најсилен можен легитимитет – карате е олимписки спорт и нам ни е обврска да го браниме тој статус.





На Конгресот беа соопштени и олимписките категории за Токио, кои се следни :

- **- 67, - 75 и + 75 за мажи,**
- **- 55, - 61 и + 61 за жени.**

Според тоа, се спојуваат најлесните две, како и најтешките две, а непроменета останува само средната категорија. Понатаму, со оглед што бројот на учесници е по 10 во секоја категорија, а треба да бидат застапени сите континенти, многу важно е да има неколку можности за олимписка норма, а не само една. И да не заборавиме дека Јапонија ќе има по еден претставник во секоја категорија. Исто така, важно е да им се овозможи на спортистите шанса да се изборат за норма на повеќе, а не само на еден турнир. Иако сеуште треба да се разгледува овој предлог, во првиот филтер се земаат по 4 најдоброрангирани спортисти во секоја категорија, според светскиот ранкинг. Следен чекор се квалификациски турнири слични на светските првенства. Последниот чекор ќе зависи дали некој Јапонец е веќе

селектиран преку овој систем или не, па би останале три или четири слободни места. Во процесот ќе се води сметка и за застапеност на сите континенти, а последниот чекор е Вајлд карта, која може да биде максимум една по категорија. Најбитно е да се има баланс и принцип на универзалност како што беше на Европските игри во Баку, за да се презентираат што повеќе земји, а со тоа да се демонстрира распространетоста и квалитетот на спортот.
Во поглед на бодувањето, комбинација се Светското првенство во 2018 година кое има коефициент 12, континенталните шампионати со коефициент 6, Премиер лигите имаат 5, Карате 1 серија „А“ со коефициент 2.





На Светското првенство во Линц согласно усвоената програма и критериумите за настап, КФМ учествуваше со своја репрезентација со 14 каратисти. Иако немавме висок пласман, најдалеку кај мажите стигна Емил Павлов, кој по 3 победи беше поразен во борба за четвртфинале, а во женска конкуренција до истата фаза стигна Симона Заборска. На првенството имаше рекорден број земји и натпреварувачи, вкупно 1024 каратисти од 118 држави, од кои 26 освојија медали. Најуспешна беше Јапонија со 9 трофеи, од кои 6 златни, 2 сребрени и еден бронзен, пред Франција со 3-2-4 и Иран со 3-0-3.




Како и во Бремен 2014 година, по вторпат во историјата се одржа Светско првенство во „Пара карате“ и во конкуренција на лица со инвалидитет, а по примерот на Олимписките игри во Рио, за првпат имаше селекција на каратисти составена од бегалци во разни земји од светот.





Имавме и свои кандидати за светска судиска лиценца и сите успеаја успешно ги положат тестирањата. Со звање светски судии се здобија Раде Стефановски, Елизабета Димоска, Ивица Гаџовски и Валентина Пурдеска додека Нуредин Мисини и Ивана Аврамова ја продолжија лиценцата, со што сега Македонија има вкупно 9 судии со светска и 14 со европска лиценца.




На Светското првенство во Линц за првпат имавме екипа од ТВ Нова, која секојдневно имаше по 3 вклучувања во живо со информации од настапот на нашите каратисти, со

резултати од првенството и со интервјуа со повеќемина членови на делегацијата на КФМ, како и ексклузивно интервју со претседателот на WKF, Антонио Еспинос.

Европско првенство во Монпелје, Франција





Пред почетокот на 51 -то Европско првенство во Монпелје се одржа и Конгрес на EKF, на кој главна тема беше погоре споменатото од Конгресот во Линц, со тоа што тука се дискутираше за завршниот период во очекување за промоција на каратето во олимписки спорт.

Во натпреварувачкиот дел настапија вкупно 508 каратисти од 46 земји, а Македонија имаше полн состав и во конкуренција на борби и во натпреварите во ката. Најдобра нација според освоените медали е Франција со 11 медали, од кои 6 златни, 2 сребрени и 3 бронзени. Втора е Шпанија со 4-1-1 а трет Азербејџан со 2-0-1, додека Турција имаше најмногу трофеи, вкупно 12, но само еден златен.





Најуспешен од македонските каратисти беше Емил Павлов со освоен бронзен медал во категорија – 60 кг, со што уште еднаш ја потврди својата висока класа. Тоа е негов втор европски трофеј, по златото на Европското во Тампере 2014 година и трета година по ред освојување на медал од големо меѓународен натпревар, по бронзениот медал на Европските игри во Баку 2015 година. Македонија имаше квалитетен настап и во неколку други категории. Во меч за медал беа и Наташа Стефановска во борби во -61 кг, како и Пулексенија Јованоска во ката, кои завршија со пласман на 5-та позиција. Иако не освоија медал, двете натпреварувачки ги забележаа своите најдобри резултати на континенталните првенства и направија напредок во однос на минатата година, кога во Истанбул беа на 7-то

место. Покрај нив, забележителни настапи имаа Енес Смајлагиќ и Жарко Арсовски кои завршија со пласмани на 7-та позиција.





Европско првенство Лимасол, Кипар



Карате федерацијата на Македонија во февруари со голем успех настапи и на 43-то Европско првенство за кадети, јуниори и помлади сениори во Лимасол, Кипар. На ова натпреварување КФМ имаше бројна делегација и 6 освоени трофеи, што е досега најголем број освоени медали на ваквите првенства. Она што е особено значајно е дека на свеченото отворање на кое беа каратисти од рекордни 48 држави досега, Македонија беше претставена под уставното име и со натпис на кој беше испишано „Македонија“. Тоа на најдобар начин го илустрира нашиот авторитет како Карате федерација на Македонија во врвот на меѓународното карате, кои секаде каде што можат на ваков начин ја изразуваат својата почит кон нашата организација.





На шампионатот настапија рекордни 973 каратисти од 48 земји на континентот, а медали освоија спортисти од вкупно 29 држави. Што се однесува до резултатите, за Македонија сребро во ката освои Абдурахим Идриз, а покрај него беа освоени уште 5 бронзени медали. Азис Исмаил во конкуренција на помлади сениори, Петар Спасеноски и женскиот ката тим во јуниори, како и Моника Пендароска и Столе Смилковски во кадетска конкуренција. Најуспешна нација е Турција со 20 медали, од кои 10 златни, 3 сребрени и 7 бронзени, пред каратистите од Франција и Шпанија.










Нашите спортисти настапија на неколку од турнирите од Премиер лигата, од кои Салцбург и Истанбул како и во Светскиот куп во Лашко беа критериумски за избор во сениорската репрезентација.

Балканско првенство во Истанбул, Турција

Покрај настапите на Светското и Европските првенства, македонските каратисти согласно усвоениот календар учествуваа и на Балканските првенства во разни возрасни категории. На сениорското во Истанбул кое беше и критериумско за статус во репрезентацијата, Македонија имаше одлични резултати и според трофеите беше рангирана веднаш зад Турција и Србија. Во машкиот дел во борби бевме одлични со 3 финалиња поединечно и два златни медала. Емил Павлов и Енес Смајлагиќ беа најдобри во своите категории и станаа балкански шампиони, а Адил Мехмет и машкиот тим во борби освоија сребрени медали. Златен медал освои и женскиот ката тим во состав Пулексенија Јованоска и сестрите Маријана и Мишела Димоски.

На Балканското првенство во Истанбул беше присутен и претседателот на Светската карате федерација Антонио Еспинос, кој со задоволство прифати да биде дел од заедничката фотографија со македонските каратисти кои освоија медали.





Балканско првенство за деца во Белград, Србија

Претходно во Белград кон крајот на мај се одржа 21-то Балканско превнство за деца, на кое учествуваа 828 натпреварувачи од 10 држави.



Македонија исто така настапи со масовен број натпреварувачи а беа освоени вкупно 17 медали од кои 5 златни, 4 сребрени и 8 бронзени. Тука беше демонстриран континуитетот во работата со помладите категории кај кои како и во претходните неколку години нашите каратисти продолжија со освојување медали.





Балканско првенство во Сараево, Босна и Херцеговина





Во декември се одржа 17-то Балканско првенство за кадети, јуниори и помлади сениори во Сараево, Босна и Херцеговина кое е дел од критериумските натпревари за Европското

првенство во Софија. Во силна конкуренција на 11 земји со 863 каратисти, нашите натпреварувачи освоија вкупно 15 медали од кои по 2 златни и сребрени, како и 11 бронзени. За одбележување е дека со балканска титула се закитија Столе Смилковски и Марио Свијнарски.





Покрај сите наведени активности, Карате федерацијата на Македонија е респектирана како една од најдобро организираните и на Балканот, каде што според сите параматри сме рамноправен дел од најквалитетната регионална организација. За истакнување е и тоа дека Карате федерацијата на Балканот има се поголем углед во другите земји во Европа и не случајно на сениорското првенство во регионот редовно присуствуваше претседателот на Светската карате федерација, Антонио Еспинос.






Соработка со Агенција за млади и спорт

Покрај реализирање на зацртаната програма, од огромно значење за статусот на секоја федерација е комуникацијата и односот со најзначајните организации во државата, пред се Агенцијата за млади и спорт и Македонскиот Олимписки комитет. Како што беше случај и во изминатите години пред секое европско и светско првенство нашата делегација имаше прес конференција во Агенцијата за млади и спорт на која редовно беа присутни повеќе медиуми, како и прием од директорот Марјан Спасески.





Соработката со Агенцијата пред се благодарение на темелното разбирање на состојбите во спортот од страна на директорот резултира со поддршка за голем дел од меѓународната програма, за што ние како федерација возвраќавме со остварени резултати. И предложените промени во Законот за спорт во добар дел се поттикнати од она што со години наназад е пракса во Карате федерацијата на Македонија, кои во иднина ќе значат создавање услови за повисоки резултати на нашите спортисти.

Меѓу другото, како федерација која е меѓу најдобро финансираните во земјава, ја исполнивме и обврската кон Агенцијата за анти-допинг предавање за чист спорт кое го одржа д-р Илија Стоилов, а во таа прилика организираше и тестирање на неколкумина наши репрезентативци.

Соработка со Македонскиот Олимписки комитет




Исто така, откако карате влезе во семејството олимписки спортови имаме се подобра соработка со Македонскиот Олимписки комитет на чело со претседателот Васил Тупурковски, од каде што имаат сознанија за нашата организација по позитивното искуство на Европските игри во Баку, а допрва очекуваме уште поконкретна поддршка за потенцијалните олимписки кандидати. Претедателот Тупурковски заедно со спортскиот директор Владимир Богоевски ги посети нашите каратисти на еден од тренинг викендите пред учеството на Светското првенство во Линц, каде што беше присутен и директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески. Соработката во иднина приоритетно се однесува на Олимписките игри во Токио 2020 година, но и за младинските Олимписки игри во Буенос Аирес 2018 година, како и за Медитеранските игри во Тарагона 2018 и за Европските игри во Минск 2019 година.




Треба да се истакне и посетата на спортистот на 20-от Век Шабан Трстена, олимпискиот шампион од Лос Анѓелес 1984 година и вицешампион во Сеул 1988 година, кој со задоволство присуствуваше на еден од завршните тренинзи на нашите репрезентативци пред патувањето на Светското првенство во Линц.

Соработка со медиумите

Во секоја сериозна огранизација од големо значење за она што го работи се изградените односи со медиумите во Република Македонија. На тој план Карате федерацијата на Македонија работи во континуитет во последната деценија, што резултира со се поголем интерес и кај печатените, и кај електронските медиуми. Покрај завидниот интерес на прес конференциите кои согласно правилникот ги организираме пред и по настапите на европски и светски шампионати, нашите спортисти стануваат се повеќе препознатливи во јавноста благодарение на нивните гостувања во медиумите. За истакнување е дека покрај Македонската Телевизија која придонесе за карате да информираат Канал 5, Телма, Сител, Алфа ТВ, Алсат и други кои одвојуваат доста простор во своите емисии, од 2016 година имаме уште еден партнер во ТВ Нова.





Од големо значење е нивното присуство со камера и репортер од Светското првенство во Линц, каде што секојдневно имаа по три вклучувања во живо во текот на престојот на нашата делегација. Во речиси сите од наведените телевизии беа организирани неколку интервјуа и гостувања, што дополнително го подигнува авторитетот на карате во Република Македонија.

Избор на Спортист на Македонија

Високиот углед кој со години наназад Карате федерацијата на Македонија го гради и во меѓународни и во домашни рамки, од година во година придонесува за постојано присуство во Изборот на најдобрите во спортот во Република Македонија, на кој гласаат национални спортски федерации, спортски редакции на медиумите и Советот за спорт при Агенцијата за млади и спорт.





И годинава имавме најмногу кандидати, и тоа во 7 од 8 категории за кои се гласаше. Позлатената статуетка ја освоија Моника Пендароска во категорија млада спортистка, како и женскиот тим во борби во категорија универзитетски спорт и Карате федерацијата на Македонија, за најдобра спортска организација во 2016 година.




Во финалниот избор беа Емил Павлов за спортист на годината, Наташа Стефановска за најдобра сениорка, Азис Исмаил за млад спортист, Петар Белистојаноски во конкуренција на тренер на државна репрезентација, како и женскиот ката тим за најдобра женска екипа. Сето тоа покажува колкав е авторитетот на македонското карате во државата, и со каков респект се однесуваат сите релевантни фактори во спортот. Затоа, секоја номинација и награда имаат своја тежина, а особено признанието за најдобра спортска федерација, што е награда за сите спортисти, тренери и спортски работници кои го посветуваат своето време на каратето.





Тоа е втора ваква награда за КФМ, по 2011 година и претставува обврска повеќе и во иднина да продолжиме да бидеме пример не само во карате, туку и за сите спортски организации. Да продолжиме кон новата високо поставена цел, да се обидеме да остваримe олимписки норми и за младинската олимпијада и секако за олимписките игри во Токио.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2. СОБРАНИЕ ЗАПИСНИК

а. ГОДИШНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ

Карате федерацијата на Македонија на 09.01.2016 година, одржа Годишно изборно Собрание, на кое, од 53 клубови со право на глас, присуствуваа делегати од 46 клубови.

Собранието ги донесе следните одлуки и заклучоци:

Едногласно ги избра работните тела во следниот состав:

- Верификациона комисија: Ахмеди Марукиќ, Лазар Јорданов и Јованчо Јовановски;
- Записничар: Ива Филиповска;
- Оверувачи на записникот: Даут Билибани;
- Комисија за избор на Претседател на КФМ: Димче Савевски (претседател), Миланчо Черкезов и Џавит Мехмети (членови).

1. Собранието, едногласно го усвои:
   - Записникот од Тематското собрание на КФМ, одржано на 25.05.2015година,
2. Собранието на КФМ, едногласно, го усвои Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2015 до 31.12.2015 година;
3. Членовите на Собранието го констатираа Извештајот на Надзорниот одбор, за периодот 01.01.2015 до 31.12.2015година.
4. Собранието на КФМ, едногласно, го усвои Финансискиот Извештај за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2015 до 31.12.2015година.
5. Собранието на КФМ, едногласно, ја усвои Програмата за работа на Карате федерацијата на Македонија, и Финансискиот план за периодот 01.01.2016 до 31.12.2016година;
6. Избирање на Претседател на КФМ, единствен кандидат беше Господинот Драган Стојановски. Потоа следеше излагањето на господинот Златко Димоски кој што се обрати кон сите присутни дека многумина од клубовите на КФМ го подржуваат кандидатот и се за негово повторно кандидирање.
7. Гласањето беше тајно и од 46 присутни клубови со право на глас 45 преставници од клубовите гласаа ЗА , нула (0) гласови против и 1 ливче неважечко. Со добиените резултати од гласањето господинот Драган Стојановски беше повторно избран да биде на чело на КФМ во наредните четири години.

   На предлог на претседателот на КФМ г-дин Драган Стојановски за членови на Извршниот одбор едногласно беа избрани.: Горан Милковски, Бесник Мурати, Ѓоре Дервишов, Зоран Ѓорѓески, Алим Хајредини, Александар Туфекџиевски, Горан Мијоски и Дејан Чолески.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

3. Годишен извештај за најзначајни меѓународни активности- резултати

Карате Федерацијата на Македонија според Календарот за 2016 година успешно ги реализираше активностите во нејзината програма и тоа:

Меѓународна програма

Време	Настан	Локација
05-07.02.2016	43-то Европско првенство за кадети и јуниори и сениори до 21 година	Лимасол (Кипар)
27-28.02.2016	Балканско првенство за сениори	Турција Истанбул
12-13.03.2016	Карате 1 – Светски куп	Нова Горица (Словенија)
16-17.04.2016	Карате 1 – Премиер лига	Салцбург (Австрија)
05-08.05.2016	51-во Европско првенство за сениори	Монпеље (Франција)
27-29.05.2016	Балканско првенство за деца	(Србија)Белград
04-05.06.2016	14-то Европско првенство за региони	Кочаели (Турција)
27.06-03.07.2016	9-ти СКФ тренинг камп и Карате 1 Светски куп за млади	Умаг (Хрватска)
03-04.09.2016	Карате 1 – Премиер лига	Истанбул (Турција)
25-30.10.2016	Светско првенство за сениори	Линц (Австрија)
09-11.12.2016	Балканско првенство за кадети, јуниори и сениори до 21 година	(Босна и Херцеговина)Сараево

Државни првенства

Време	Настан	Локација
13-14.02.2016	Државно првенство за сениори	Скопје
09-10.04.2016	Државно првенство за деца од 11-14 години	Скопје
18.03.2014	Државно школско првенство	
05-06.11.2016	Државно првенство за кадети, јуниори и сениори до 21 година	Скопје

Клубски турнири

12.03.2016	Фунакошин гичин- КК Фунакоши Гичин	Скопје
02.04.2016	Гази Баба – Опен 2016- КК Тигар	Скопје
23.04.2016	Кичево Опен- КК Ринија	Кичево
08.05.2016	Солидарност Опен- КК Солидарност	Скопје
24/25.09.2016	Струга Опен- КК Дрини	Струга
15/16.10.2016	Тетово Опен- КК Фати	Тетово
8/9.10.2016	Меѓународен турнир Никола Грдановски-Нике- КК Металург	Скопје
12.11.2016	13-ти Ноември- КК Цветан Димов	Скопје

43-то Европско првенство за кадети и јуниори и сениори до 21 година Лимасол, Кипар, 05-07.02.2016

Европското Првенство за кадети, јуниори и помлади сениори до 21 година беше едно од најуспешните првенства за 2016 година од овие категории. Македонските репрезентативци се закитија со вкупно 5 медали и тоа: Идриз Абдурахим вицешампион во ката во категоријата кадети, Смилковски Столе кумите кадет трето место, Пендаровска Моника кумите јуниорки трето место, Петар Спасеновски кумите јуниори трето место, Исмаил Азиз кумите јуниори 21 година трето место и ката тимот во состав Маријана Димоска, Мишела Димоска и Кирјана Камческа трето место.



Македонската репрезентација на кадети, јуниори и помлади сениори до 21 година и Официјалната делегација на КФМ, Европско Првенство во Кипар, Лимасол.

Балканско првенство за сениори Истанбул, Турција, 27-28.02.2016година

Балканското Првенство за сениори се одржа од 27 до 28.02.2016 година во Истанбул, Турција. Македонската сениорска репрезентација имаше успешни настапи на ова првенство со вкупно 6 медали и тоа : Емил Павлов- Балкански Шампион во кумите, Енес Смаилагиќ - Балкански Шампион во кумите, ката тимот во состав од Маријана Димоска, Мишела Димоска и Пуликсенија Јованоска- Балкански Шампиони, Мехмед Адил второ место во кумите, машкиот ката тим во состав на Ферри Исиќ, Мартин Ристовски и Глигор Станоев трето место и машкиот кумите тим второ место во состав на Енес Смаилагиќ, Жарко Арсовски, Цветковски Иво, Јакупи Берат, Несторовски Мартин, Патраклиев Сашко и Тодор Ристески.




Македонската сениорска репрезентација и Официјалната делегација на КФМ на Балканското Првенство со Истанбул, Турција.

51-во Европско првенство за сениори Монпеље, Франција, 05-08.05.2016 година

На Европското Сениорско првенство во Монпеље, Франција, Македонската Делегација на КФМ беше составена со вкупно 38 лица од кои 19 репрезентативци (во поединечни категории и екипни настапи). На ова првенство единствен медалист беше Емил Павлов кој во категоријата -60 кг се закити со бронзен медал, овој медал преставува еден од најзначајните обележја за 2016 година за Карате Федерацијата на Македонија.
Успешни настапи на ова првенство имаа и Пуликсенија Јовановска која во категоријата ката индивидуално женски имаше шанса за бронзен медал но заврши како петто пласирана исто така и нашата репрезентативка Наташа Стефановска имаше шанса да се закити со бронзениот медал но заврши како петто пласирана во категоријата женски кумите – 61 кг додека Жарко Арсовски и Енес Смајлагиќ кои беа во одлична форма се пласираа на седмата позиција.



Македонската сениорска ререзентација и Официјалната делегација на КФМ на Европското Првенство во Монпеље, Франција.



Емил Павлов трето место на Европкото Првенство за Сениори во Монпеље, Франција



Балканско првенство за деца Белград, Србија, 27-29.05.2016 година

Репрезентацијата на Македонија на Балканското првенство беше една од најмасовните репрезентации кој во натпреварувачкиот дел имаше вкупно 119 натпреварувачи.



Македонската репрезентација за деца до 14 години и Официјалната делегација на КФМ на Балканското Првенство во Белград, Србија

MEDAL STATISTIC - COUNTRY

RANK	COUNTRY		GOLD	SILVER	BRONZE	
1	TURKEY	TUR	20	11	17	48
2	BOSNIA AND HERZEGOVINA	BIH	7	8	21	36
3	SERBIA	SRB	6	6	15	27
4	FYR OF MACEDONIA	MKD	5	4	8	17
5	CROATIA	CRO	2	6	7	15
6	MONTENEGRO	MNE	2	3	10	15
7	BULGARIA	BUL	1	3	2	6
8	SLOVENIA	SLO	1	2	6	9
9	ROMANIA	ROU	0	1	2	3

Табеларен приказ од статистиката за медали, Македонија на четвртата позија во вкупно 17 медалисти од кои 5 златни, 4 сребрени и 8 бронзени.

На ова Балканско Првенство со медал се закитија следниве репрезентативци:

Милева Марија -2002/ -47кг прво место-кумите.

Сухејла Исаку- 2004/-37кг трето место-кумите.

Марко Бунтески- 2002 трето место-ката.

Кристијан Бајовски – 2003 трето место-ката

Матеј Белистојаноски – 2005 /-37кг прво место-кумите.

Јасин Османи – 2004/ -50кг прво место-кумите

Омер Муслији – 2003/ -55кг прво место-кумите

Бојан Костов – 2004 / -40кг второ место-кумите

Иво Мишачковски – 2002/ -63кг второ место-кумите

Арбин Ферати – 2004/ -35кг трето место-кумите

Витомир Трајковски – 2004/ +50кг трето место-кумите

Давид Саревски – 2002/ -70кг трето место-кумите

Ката екипно 2002-03/ на состав Аврамова Владанка, Маневска Миа, Муфтарова Ивона прво место

Ката екипно 2002/03 на состав – Бајовски Кристијан, Манчевски Бојан, Спасовски Александар - второ место

Ката екипно 2004-05 на состав – Аврамов Петар, Николоски Никита, Стоев Лазар

трето место

Роберто Здравкоски – 2003/ -45кг второ место-кумите

Симона Николоска – 2004/ +42кг трето место- кумите



Светско првенство за сениори Линц, Австрија, 25-30.10.2016 година

На Светското Сениорско Првенство кое се одржа во Линц, Австрија во период од 25-30.10.2016 година Официјалната Делегација на КФМ беше со вкупно 28 лица од кои 14 репрезентативци кои настапија во поединечни и екипни категории.

Официјална Делегација на КФМ за СП во Линц, Австрија

Б.Р	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ФУНКЦИЈА	КЛУБ - ОРГАНИЗАЦИЈА
1	Бесник Мурати	**Шеф на делегација**	KFM
2	Горан Милковски	**Делегат**	KFM
3	Дејан Чолевски	**Член на ИО**	KFM
4	Алим Хајредини	**Член на ИО**	KFM
5	Ива Филиповска	**Администратор**	KFM
6	Д-р.Ненад Петков	**Лекар**	KFM
7	Петар Белистојаноски	Државен тренер	KFM
8	Арлинд Хусеини	Помош. тренер	KFM
9	Пуликсенија Јованоска	Натпреварувачи	Ронин
10	Маријана Димоска	Натпреварувачи	Ронин
11	Мишела Димоска	Натпреварувачи	Ронин
12	Сара Радичевска	Натпреварувачи	Макпетрол
13	Наташа Стефановска	Натпреварувачи	Макпетрол
14	Симона Заборска	Натпреварувачи	Макпетрол
15	Емил Павлов	Натпреварувачи	Штип
16	Жарко Арсовски	Натпреварувачи	Штип
17	Петар Спасеновски	Натпреварувачи	Металург
18	Петар Заборски	Натпреварувачи	Макпетрол
19	Ненад Келебиќ	Натпреварувачи	Ц. Димов
20	Енес Смаилагиќ	Натпреварувачи	Ц. Димов

21	Иво Цветковски	Натпреварувачи	Металург
22	Мартин Нестеровски	Натпреварувачи	Металург
23	Берат Јакупи	И. Персон	КФМ
24	Димче Савевски	Претседател на НО	КФМ
25	Ивана Аврамова	Судија	КФМ
26	Боби Војдиновски	Судија	КФМ
27	Бранко Илиевски	Пресс . ТВ. НОВА	КФМ
28	ВикторНиколовски	Пресс. ТВ. НОВА	КФМ



Дел од Македонската репрезентација со Официјалната делегација на КФМ, Светско Првенство, Линц, Автсрија

На Светското Сениорско првенство Македонската репрезентација иако имаше перспектива и одлично преставување на репрезентативците но јаката конкуренција го направи своето и нашите каратисти не успеаа да се закитат со медал.
На ова првенство гледаме како едно големо искуство и мотив за нашите репрезентативци во иднина успеат да се качат на пиедесталот на едно вакво првенство и со тоа да обезбедат норма за престојните Олимписки игри кои ќе се одржат во Токио 2020 година.
На нашата сениорска репрезентација им посакуваме успешна 2017 година со многу европски и светски медали и обезбедување на место односно олимписка норма за Токио.

Балканско првенство за кадети, јуниори и сениори до 21 година
Сараево, Босна и Херцеговина, 09-11.12.2016 година

Ова Балканско Првенство за кадети, јуниори и помлади сениори до 21 година беше последното меѓународно првенство во 2016 година кое се одржа од 09-11.12.2016 година.
Македонската репрезентација по освоени медали се пласираше на петатта позиција пред Турција како прва пласирана, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Со вкупно 15 медали од кои 2 златни, 2 сребрени и 11 бронзени медали.





Носители на медали:
1 место Марио Свинарски во категоријата кадети машки кумите -52кг
1 место Столе Смилковски во категоријата јуниори машки кумите -55кг
2 место Давид Петков во категоријата У21 машки кумите -60кг
2 место во категоријата кадети женски кумите екипно
3 место Марија Милева во категоријата кадети женски кумите -47кг
3 место Љирим Емини во ктегоријата кадети машки кумите -52кг
3 место во категоријата кадети машки кумите екипно
3 место во категоријата кадети и јуниори ката женски
3 место во категоријата кадети и јуниори ката машки
3 место Моника Пендаровска У21 кумите женски -55кг
3 место Ангела Мојсовска У21 кумите женски -68 кг
3 место Стојменов Мартин У21 кумите машки -60кг
3 место Стефан Апостоловски У21 кумите машки -67 кг
3 место Доан Османи У21 кумите машки -75 кг
3 место Семир Ќосовиќ У21 кумите машки +84 кг

4. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА КОМИСИЈА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2016-31.12.2016 ГОДИНА

НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА:

Државни првенства :

Државно првенство за сениори

Скопје, 13.02.2016

Пласмани по клубови

Р.Б.	Клуб	1. Место	2. Место	3. Место
1	Макпетрол - Скопје, MKD	5	3	2
2	Металург - Скопје, MKD	5	0	5
3	Ронин - Прилеп, MKD	2	2	2
4	Вардар - Скопје, MKD	2	0	1
5	Цветан Димов - Скопје, MKD	1	1	0
6	Штип - Штип, MKD	1	0	1
7	Ботони - Скопје, MKD	0	2	1
8	Кеикс - Скопје, MKD	0	1	1
	Дрини - Струга, MKD	0	1	1
	Бонсаи - Прилеп, MKD	0	1	1
11	Асиарт - Гостивар, MKD	0	1	0
12	Македонка - Штип, MKD	0	0	3
13	Спорт 94 - Прилеп, MKD	0	0	2
14	Партизан - Кочани, MKD	0	0	1

Официјални резултати

Ката екипно сениори женски			
1	Ронин - Прилеп - Јованоска Пулексенија - Димоска Маријана - Димоска Мишела	Ронин - Прилеп	

Ката екипно сениори машки			
1	Вардар - Скопје - Исиќ Ферри - Ристовски Мартин - Станоев Глигор	Вардар - Скопје	

Ката сениори женски			
1	Јованоска Пулексенија	Ронин - Прилеп	
2	Димоска Маријана	Ронин - Прилеп	
3	Каракаш Искра	Ронин - Прилеп	
3	Димоска Мишела	Ронин - Прилеп	

Ката сениори машки			
1	Исиќ Ферри	Вардар - Скопје	
2	Стојаноски Александар	Бонсаи - Прилеп	
3	Тодороски Огнен	Бонсаи - Прилеп	
3	Ристовски Мартин	Вардар - Скопје	
Кумите екипно сениори женски			
1	Макпетрол - Скопје - Заборска Симона - Стефановска Моника - Радичевска Сара - Стефановска Наташа	Макпетрол - Скопје	

Кумите екипно сениори машки			
1	Металург - Скопје - Ќосовиќ Семир - Груевски Огнен - Исмаил Азиз - Крстевски Виктор - Несторовски Мартин - Спасеновски Петар - Цветковски Иво	Металург - Скопје	
2	Макпетрол - Скопје - Павлов Дејан - Стојмановиќ Мики - Арсовски Жарко - Османи Халит - Биљали Орхан - Антиќ Симон - Заборски Петар	Макпетрол - Скопје	
3	Македонка - Штип - Иванов Горан - Патраклиев Сашко - Рилак Никола - Тунев Даниел	Македонка - Штип	

Кумите сениори женски -50 кг.			
1	Радичевска Сара	Макпетрол - Скопје	
2	Тошевска Ана	Кеикс - Скопје	
3	Ристиќ Христина	Ботони - Скопје	

Кумите сениори женски -55 кг.			
1	Заборска Симона	Макпетрол - Скопје	
2	Матракоска Марија	Ронин - Прилеп	
3	Георгиева Јована	Македонка - Штип	
3	Јањиќ-Дачевиќ Емили	Кеикс - Скопје	

Кумите сениори женски -61 кг.			
1	Стефановска Наташа	Макпетрол - Скопје	
2	Несторовска Анамарија	Макпетрол - Скопје	
3	Симоноска Сара	Спорт 94 - Прилеп	
3	Манева Бојана	Штип - Штип	

Кумите сениори женски -68 кг.			
1	Стефановска Моника	Макпетрол - Скопје	
2	Василева Марија	Ботони - Скопје	
3	Положани Алма	Дрини - Струга	

Кумите сениори женски 68+ кг.			
1	Тодорова Драгана	Металург - Скопје	

Кумите сениори машки -60 кг.			
1	Павлов Емил	Штип - Штип	
2	Муртиши Шабан	Дрини - Струга	
3	Николовски Горан	Металург - Скопје	

3	Стојменов Мартин	Партизан - Кочани	

Кумите сениори машки -67 кг.			
1	Келебиќ Ненад	Цветан Димов - Скопје	
2	Илиевски Димитар	Ботони - Скопје	
3	Мехмед Адил	Металург - Скопје	
3	Ташов Ико	Металург - Скопје	

Кумите сениори машки -75 кг.			
1	Цветковски Иво	Металург - Скопје	
2	Смаилагиќ Енес	Цветан Димов - Скопје	
3	Ристески Тодор	Спорт 94 - Прилеп	
3	Заборски Петар	Макпетрол - Скопје	

Кумите сениори машки -84 кг.			
1	Спасеновски Петар	Металург - Скопје	
2	Јакупи Берат	Асиарт - Гостивар	
3	Патраклиев Сашко	Македонка - Штип	
3	Груевски Огнен	Металург - Скопје	

Кумите сениори машки 84+ кг.			
1	Несторовски Мартин	Металург - Скопје	
2	Арсовски Жарко	Макпетрол - Скопје	
3	Стојмановиќ Мики	Макпетрол - Скопје	
3	Ќосовиќ Семир	Металург - Скопје	

Натпревар во училишен спорт - Прилеп 2016

18.03.2016

Пласман по училишта

Пласман	Училиште	1. Место	2. Место	3. Место
1	ОУ Круме Кепески - Скопје, MKD	3	1	3
2	СУ Ѓорче Петров - Прилеп, MKD	2	1	2
3	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп, MKD	1	3	4
4	СУ Гимназија Јосип Броз Тито - Скопје, MKD	1	2	1
5	СУ Гимназија Славчо Стојменски - Штип, MKD	1	1	1
	ОУ Петар Здравковски Пенко - Скопје, MKD	1	1	1
7	ОУ Христо Узунов - Другово, MKD	1	1	0
	СУ Гимназија Кочо Рацин - Велес, MKD	1	1	0
9	ОУ Тошо Велков Пепето - Кавадарци, MKD	1	0	3
10	СУ 8-ми Септември - Тетово, MKD	1	0	1
	СУ Јане Сандански - Штип, MKD	1	0	1
12	СМУ Др. Панче Караѓозов - Скопје, MKD	1	0	0
	ОУ Мирче Ацев - Скопје, MKD	1	0	0
	ОУ Фаик Коница - Кичево, MKD	1	0	0
	СУ Зеф Љуш Марку - Скопје, MKD	1	0	0
	СУ Наум Наумовски-Борче - Пробиштип, MKD	1	0	0
	Јахја Кемал Колеџ - Скопје, MKD	1	0	0
	СУ Методија Митевски Брицо - Скопје, MKD	1	0	0
	СУ Никола Нехтенин - Штип, MKD	1	0	0
	СУ Здравко Цветковски - Скопје, MKD	1	0	0
	СУ Гостивар - Гостивар, MKD	1	0	0
22	ОУ Васил Главинов - Велес, MKD	0	3	2
23	СУ Никола Карев - Скопје, MKD	0	2	1
24	СМУ Никола Стејн - Тетово, MKD	0	1	2
25	ОУ Стив Наумов - Скопје, MKD	0	1	0
	СУ Ѓорче Петров - Крива Паланка, MKD	0	1	0
	ОУ Јоаким Крчовски - Крива Паланка, MKD	0	1	0
	СУ Гимназија Орце Николов - Скопје, MKD	0	1	0
	СУ Киро Спангов-Брко - Кавадарци, MKD	0	1	0
30	СУ Јовче Тесличков - Велес, MKD	0	0	2
	СУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп, MKD	0	0	2
32	СУ Кузман Јосифовски-Питу - Прилеп, MKD	0	0	1
	ОУ Љубен Лапе - Скопје, MKD	0	0	1
	ОУ Кочо Рацин - Прилеп, MKD	0	0	1
	ОУ Гоце Делчев - Кавадарци, MKD	0	0	1
	СУ Дрита - Кичево, MKD	0	0	1
	ОУ Страшо Пинџур - Кавадарци, MKD	0	0	1
	ОУ Гоце Делчев - Скопје, MKD	0	0	1
	ОУ Крсте Мисирков - Скопје, MKD	0	0	1
	СУ 8-ми Септември - Скопје, MKD	0	0	1
	ОУ 7-ми Март - Скопје, MKD	0	0	1
	СУ Мирко Милевски - Кичево, MKD	0	0	1

Официјални резултати

КАЖ1 - Одделенска настава - I, II и III одд. женски ката			
1	Спасеноска Јана	ОУ Христо Узунов - Другово	
2	Мемеди Дурата	ОУ Петар Здравковски Пенко - Скопје	
3	Имери Јелда	ОУ Петар Здравковски Пенко - Скопје	
3	Аќимовска Ангела	ОУ Гоце Делчев - Скопје	

КАЖ2 - Одделенска настава - IV и V одд. женски ката			
1	Бунтеска Марија	ОУ Круме Кепески - Скопје	
2	Минговска Анастасија	ОУ Христо Узунов - Другово	
3	Трајкоска Цвете	ОУ Кочо Рацин - Прилеп	
3	Феди Зоја	ОУ Круме Кепески - Скопје	

КАЖ3 - VI и VII одд. женски ката			
1	Манчевска Јована	ОУ Круме Кепески - Скопје	
2	Арсовска Мартина	ОУ Васил Главинов - Велес	
3	Адеми Јусра	ОУ 7-ми Март - Скопје	
3	Николовска Анастасија	ОУ Љубен Лапе - Скопје	

КАЖ4 - VIII и IX одд. женски ката			
1	Аврамова Владанка	ОУ Тошо Велков Пепето - Кавадарци	
2	Андоновска Кејти	ОУ Васил Главинов - Велес	
3	Муфтарова Ивона	ОУ Тошо Велков Пепето - Кавадарци	
3	Коцх Моника	ОУ Тошо Велков Пепето - Кавадарци	

КАЖ5 - I и II год. средно училиште женски ката			
1	Камческа Кирјана	СУ Ѓорче Петров - Прилеп	
2	Талеска Матеја	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	
3	Димеска Лина	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	

КАЖ6 - III и IV година средно училиште женски ката			
1	Димоска Маријана	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	
2	Димоска Мишела	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	
3	Цветкоска Теодора	СУ Мирко Милевски - Кичево	
3	Столеска Ангела	СУ Кузман Јосифовски-Питу - Прилеп	

КАМ1 - Одделенска настава - I, II и III одд. машки ката			
1	Дервиши Нуредин	ОУ Фаик Коница - Кичево	
2	Бојковски Грегори	ОУ Јоаким Крчовски - Крива Паланка	
3	Ѓорчев Андреј	ОУ Гоце Делчев - Кавадарци	
3	Грков Илија	ОУ Страшо Пинџур - Кавадарци	

КАМ2 - Одделенска настава - IV и V одд. машки ката			
1	Вејсели Сухејб	ОУ Петар Здравковски Пенко - Скопје	
2	Пешков Андреј	ОУ Стив Наумов - Скопје	
3	Поптодоров Марко	ОУ Васил Главинов - Велес	
3	Зверотиќ Мерис	ОУ Крсте Мисирков - Скопје	

КАМ3 - VI и VII одд. машки ката			
1	Бајовски Кристијан	ОУ Круме Кепески - Скопје	
2	Стојановски Стефан	ОУ Васил Главинов - Велес	
3	Спасовски Давид	ОУ Круме Кепески - Скопје	
3	Дуков Александар	ОУ Васил Главинов - Велес	

КАМ4 - VIII и IX одд. машки ката			
1	Неделковски Александар	ОУ Мирче Ацев - Скопје	
2	Бунтески Марко	ОУ Круме Кепески - Скопје	
3	Спасовски Александар	ОУ Круме Кепески - Скопје	
3	Коневски Блаже	ОУ Тошо Велков Пепето - Кавадарци	

КАМ5 - I и II година средно училиште машки ката

1	Бановски Георги	СУ Гимназија Кочо Рацин - Велес	
2	Николоски Звонко	СУ Ѓорче Петров - Прилеп	
3	Димитријевски Христијан	СУ Јовче Тесличков - Велес	
3	Васиќ Јован	СУ Јовче Тесличков - Велес	

КАМ6 - III и IV година средно училиште машки ката			
1	Мустафовски Реџеп	СУ Зеф Љуш Марку - Скопје	
2	Станоев Глигор	СУ Никола Карев - Скопје	
3	Тодороски Огнен	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	
3	Ристески Дамјан	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	

КУЖ1 - I и II година средно училиште женски кумите -47 кг.			
1	Димитрова Афродита	СУ Наум Наумовски-Борче - Пробиштип	

КУЖ2 - I и II година средно училиште женски кумите -54 кг.			
1	Ајдини Верона	СМУ Др. Панче Караѓозов - Скопје	
2	Димитровска Деспина	СУ Гимназија Славчо Стојменски - Штип	
3	Спасовска Сандра	СМУ Никола Стејн - Тетово	
3	Мурати Мирије	СУ 8-ми Септември - Скопје	

КУЖ3 - I и II година средно училиште женски кумите 54+ кг.			
1	Симовска Симона	СУ 8-ми Септември - Тетово	
2	Савиќ Ана	СУ Гимназија Орце Николов - Скопје	
3	Симјановска Вероника	СМУ Никола Стејн - Тетово	
3	Талеска Матеја	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	

КУЖ4 - III и IV година средно училиште женски кумите -53 кг.			
1	Георгиева Јована	СУ Гимназија Славчо Стојменски - Штип	
2	Стефановска Слободанка	СУ Гимназија Јосип Броз Тито - Скопје	

КУЖ5 - III и IV година средно училиште женски кумите -59 кг.			
1	Крстевска Сара	СУ Гимназија Јосип Броз Тито - Скопје	
2	Спасовска Марија	СУ Ѓорче Петров - Крива Паланка	

КУЖ6 - III и IV година средно училиште женски кумите 59+ кг.			
1	Сарафимова Сања	СУ Јане Сандански - Штип	

КУМ1 - I и II година средно училиште машки кумите -57 кг.			
1	Бајрами Усаме	Јахја Кемал Колеџ - Скопје	
2	Гокчев Андреј	СУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп	
3	Рушити Есат	СУ Дрита - Кичево	
3	Петков Глигор	СУ Гимназија Јосип Броз Тито - Скопје	

КУМ2 - I и II година средно училиште машки кумите -70 кг.			
1	Ацковски Роберто	СУ Методија Митевски Брицо - Скопје	
2	Димов Бојан	СУ Гимназија Кочо Рацин - Велес	
3	Василески Константин	СУ Ѓорче Петров - Прилеп	
3	Николоски Звонко	СУ Ѓорче Петров - Прилеп	

КУМ3 - I и II година средно училиште машки кумите 70+ кг.			
1	Јованов Наум	СУ Никола Нехтенин - Штип	
2	Богоевски Ѓорѓи	СМУ Никола Стејн - Тетово	
3	Иванов Бојан	СУ Јане Сандански - Штип	
3	Кузмановски Љубиша	СУ 8-ми Септември - Тетово	

КУМ4 - III и IV година средно училиште машки кумите -68 кг.			
1	Костиќ Стефан	СУ Здравко Цветковски - Скопје	
2	Петков Давид	СУ Гимназија Јосип Броз Тито - Скопје	
3	Станоев Глигор	СУ Никола Карев - Скопје	
3	Стојкоски Давид	СУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп	

КУМ5 - III и IV година средно училиште машки кумите -76 кг.			
1	Османи Доан	СУ Гостивар - Гостивар	

2	Заборски Петар	СУ Никола Карев - Скопје	
3	Димитровски Милан	СУ Гимназија Славчо Стојменски - Штип	

КУМ6 - III и IV година средно училиште машки кумите 76+ кг.			
1	Ристески Андреј	СУ Ѓорче Петров - Прилеп	
2	Ристовски Атанас	СУ Киро Спангов-Брко - Кавадарци	
3	Белокоски Христијан	СУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп	

Државно првенство за деца од 11-14 години

Скопје, 09.04.2016

Пласмани по клубови

Р.Б.	Клуб	1. Место	2. Место	3. Место
1	Фунакоши Гичин - Скопје, MKD	5	2	5
2	Олимпик Спорт 2007 - Скопје, MKD	5	2	2
3	Урбан Инвест - Кавадарци, MKD	4	4	1
4	Форца - Скопје, MKD	4	2	5
5	Ботони - Скопје, MKD	3	5	1
6	Металург - Скопје, MKD	3	0	3
7	Партизан - Кочани, MKD	2	3	3
8	Фати - Тетово, MKD	2	3	2
9	Штип - Штип, MKD	2	1	2
10	Башкими 2002 - Куманово, MKD	2	0	1
11	Шогун - Скопје, MKD	2	0	0
12	Гладијатор - Велес, MKD	1	4	2
13	Кеикс - Скопје, MKD	1	2	3
14	Јошитака - Скопје, MKD	1	2	1
15	Македонка - Штип, MKD	1	1	3
16	Ринија - Матејче, MKD	1	1	1
17	Дрини - Струга, MKD	1	1	0
18	Маваши - Скопје, MKD	1	0	3
19	Тигар 2003 - Тетово, MKD	1	0	1
	Шкендија - Тетово, MKD	1	0	1
	Спорт 94 - Прилеп, MKD	1	0	1
22	Шампион - Крива Паланка, MKD	0	2	2
23	Бонсаи - Прилеп, MKD	0	1	4
24	Куштрими - Скопје, MKD	0	1	2
	Самурај - Скопје, MKD	0	1	2
	Шкумбини - Тетово, MKD	0	1	2
27	Унсу - Куманово, MKD	0	1	1
28	Шкупи - Скопје, MKD	0	1	0
	Тигар - Скопје, MKD	0	1	0
30	Макпетрол - Скопје, MKD	0	0	5
31	Астибо - Штип, MKD	0	0	3
32	Солидарност - Скопје, MKD	0	0	2
	Кочани - Кочани, MKD	0	0	2
34	Ринија - Кичево, MKD	0	0	1
	Супериор - Тетово, MKD	0	0	1
	Ронин - Прилеп, MKD	0	0	1
	Будо - Велес, MKD	0	0	1
	Камиказе - Тетово, MKD	0	0	1
	Љуботен - Тетово, MKD	0	0	1

Официјални резултати

Ката женски 2002 година			
1	Аврамова Владанка	Урбан Инвест - Кавадарци	
2	Муфтарова Ивона	Урбан Инвест - Кавадарци	
3	Маневска Миа	Урбан Инвест - Кавадарци	
3	Каламукоска Кристина	Ронин - Прилеп	

Ката женски 2003 година			
1	Јанчовска Каролина	Фунакоши Гичин - Скопје	
2	Гашева Теа	Гладијатор - Велес	

3	Трипчева Катерина	Будо - Велес	
3	Билбилоска Езана	Ринија - Кичево	

Ката женски 2004 година			
1	Манчевска Јована	Фунакоши Гичин - Скопје	
2	Арсовска Мартина	Гладијатор - Велес	
3	Адеми Јусра	Форца - Скопје	
3	Спасовска Кристина	Астибо - Штип	

Ката женски 2005 година			
1	Алексовска Андреа	Гладијатор - Велес	
2	Феди Зоја	Фунакоши Гичин - Скопје	
3	Луковска Леа	Јошитака - Скопје	
3	Буши Арта	Форца - Скопје	

Ката машки 2002 година			
1	Неделковски Александар	Металург - Скопје	
2	Бунтески Марко	Форца - Скопје	
3	Спасовски Александар	Фунакоши Гичин - Скопје	
3	Манчевски Бојан	Фунакоши Гичин - Скопје	

